РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-5081/5

28.12.2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 58-та седница одржана на 28.12.2021 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-5081/1 од 05.11.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-5081 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави оваа одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5081/1 од 05.11.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на службени лица во ///, за незаконско заземање имот – обработливо земјиште, означено во пријавата, кое според наводите, било во сопственост на подносителот. Пријавата е надополнета на 05.12.2019 година. Од ДКСК се бара да го преиспита служајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата, доставени се докази.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации и документација од страна на ///. Истата доследно постапи по барањето на ДКСК и ги достави сите списи за предметниот случај, па со увидот во истите ДКСК утврди дека во конкретниот случај, сите надлежни органи во Република Северна Македонија, донеле одлуки за случајот на подносителот, од нивна законска надлежност. Донесени се и судски одлуки, т.е. исцрпени се сите правни механизми за заштита на правните интереси на подносителот по однос на означениот имот во пријавата – обработливо земјиште, заради што ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно надлежно постапување и одлучи на начин како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.